**20240971881**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) и член 66 став (2), и а во врска со член 23 и 24 од Законот за супервизија на осигурување од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2002, 79/2007, 88/2008, 67/2010, 44/2011, 188/2013, 112/2014, 153/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и 198/2018 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019, 31/2020 и 173/2022), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 22.4.2024 година донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ПОТРЕБНА ЗА ДОБИВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање согласности ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 246/2019 и 280/2020) по членот 2, во Глава III. ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, се додаваат два нови членови 3 и 4 кои гласат:

**"Политика за избор и оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување**

Член 3

(1) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да донесе и да применува политика за избор и оценка на соодветноста на член на Управен одбор односно Извршен член на Одбор на директори (во натамошниот текст: член на орган на управување) на друштвото за осигурување од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштво за осигурување пропишани со Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Со политиката за избор и оценка од ставот (1) на овој член детално се пропишуваат:

1. условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување, вклучувајќи ја надлежноста на членовите, нивните стручни квалификации, знаење и искуство пропишани со законот, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, целите на членовите на органот на управување поединечно и групно на ниво на орган на управување, притоа водејќи сметка органот на управување на друштвото како целина да поседува соодветни квалификации, знаење и искуство поврзано со:

- пазари на осигурување и финансиски пазари;
- деловна стратегија и бизнис модели;
- систем на управување;
- финансиска и актуарска анализа;
- регуаторна рамка и регулаторни барања.

2. ситуациите и околностите кои се или може да претставуваат судир на интерес, мерките за отстранување на судир на интерес како и мерки за управување и намалување на потенцијален судир на интерес вклучувајќи и идентификување на трансакции врз

основа на кои членот на органот на управување или со него поврзани лица, директно или индиректно, се стекнале со акции или удели во некое правно лице врз основа на што учеството на членот на органот на управување заедно со него поврзаните лица го надминало нивото на квалификувано учество во тоа правно лице како и во случај неговото учество да се намалило под нивото на квалификувано учество во тоа правно лице;

3. плановите, политиките и процедурите на друштвото за осигурување за постапување во случај на ненадејно и неочекувано отсуство или заминување односно престанок на вршење на функцијата член на орган на управување;

4. лицето односно организационата единица во друштвото за осигурување која е одговорна за спроведување на проценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување;

5. постапката за оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување вклучувајќи рокови за достава на документација, рокови и начин за спроведување на постапката на проценка и известување за резултатите од спроведената проценка;

6. информации и документација која кандидатот за член на орган на управување во друштвото за осигурување пред негово назначување треба да ја достави до друштвото за осигурување за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување;

7. информации и документација која членот на орган на управување во друштвото за осигурување во времетраењето на извршувањето на функцијата треба да ја доставува до друштвото за осигурување за спроведување на оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување;

8. ситуациите и околностите кои претставуваат основа за спроведување на вонредна оценка на исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување;

9. формата и начинот на чување на документацијатата за спроведената оценка.

(3) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен до Агенцијата да ја достави политиката за избор и оценка од ставот (1) од овој член, како при нејзино донесување така и во случај на нејзина измена, во рок од 5 дена од денот на донесувањето односно измената.

**Постапка на оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување**

Член 4

(1) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да спроведе постапка на оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од членот 3 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Оценката од ставот (1) на овој член се прави:

1. пред секој избор односно именување на нов член на органот на управување и поднесување на барање добивање согласност за вршење на функцијата член на орган на управување до Агенцијата;

2. пред повторен избор односно именување на постоен член на органот на управување и поднесување на барање за добивање согласност за вршење на функцијата член на орган на управување до Агенцијата;

3. редовна годишна оценка;

4. вонредна оценка секогаш кога ќе настапат околности кои го доведуваат во сомневање исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување.”

Членот 3 станува член 5.

Член 2

Во членот 3 кој станал член 5 во ставот (4) по точката 1 се додава нова точка 2 која гласи:

“2. Резиме од оценката на соодветноста на предложениот член на орган на управување спроведена од страна на Надзорниот одбор односно Одборот на директори со мислење на Надзорниот одбор односно Одборот на директори за соодветноста на кандидатот од аспект на исполнувањето на одделните услови за член на орган на управување;”

Точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 соодветно.

Член 3

По членот 3 кој станал член 5 се додаваат два нови членови 6 и 7 кои гласат:

**“Постапка на редовна (континуирана) годишна оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување**

Член 6

(1) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да обезбеди членовите на органот на управување на друштвото за осигурување во континуитет да ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 3 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(2) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен еднаш годишно, а најдоцна до 30 април во тековната година, да спроведе постапка на редовна годишна оценка на соодветноста на членот на орган на управување со цел да утврди дали членовите на органот на управување во континуитет ги исполнуваат условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 3 став (1) од овој правилник и останатите интерни акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(3) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен при спроведување на оценката од став (1) од овој член да ја подготви, обезбеди и земе во предвид најмалку документацијата предвидена во членот 5 став (4) точки 6, 7 и 9 од овој правилник.

(4) Доколку членот на органот на управување е странско физичко лице документацијата од став (3) од овој член покрај од соодветен надлежен орган од Република Северна Македонија се обезбедува и од странски надлежен орган.

(5) За извршената оценка на соодветноста на кандидатот предложен за член на надзорниот орган, Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да изготви резиме од спроведената оценка со мислење дали кандидатот во континуитет ги исполнува условите за член на надзорен орган пропишани

со политиката за избор и оценка од член 3 став (1) од овој правилник и останатите интерните акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи.

(6) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да ја извести Агенцијата за спроведената редовна годишна оценка на соодветноста на членот на надзорен орган од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на надзорен орган, најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на извршената оценка при што кон известувањето ќе ја достави документацијата предвидена во став (3) и резимето од став (5) од овој член.

**Постапка на вонредна оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување**

Член 7

(1) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да спроведе постапка на вонредна оценка на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во случај на настапување на околности кои го доведуваат во сомневање исполнувањето на условите за вршење на функцијата член на орган на управување во друштвото за осигурување пропишани со политиката за избор и оценка од член 3 став (1) од овој правилник и останатите интерните акти на друштвото, Законот за супервизија на осигурување, Законот за трговските друштва, овој правилник и останатите прописи, вклучувајќи и случаи кога членот на органот на управување има судир на интерес како и во случаи кога на членот на органот на управување му се менува опсегот на доделени работи, задачи и/или надлежности.

(2) Надзорниот одбор односно Одборот на директори на друштвото за осигурување е должен да ја извести Агенцијата за причините за спроведената вонредна оценка на соодветноста на членот на орган на управување од аспект на исполнување на условите за вршење на функцијата член на орган на управување, најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на извршената оценка при што кон известувањето ќе достави резиме од спроведената оценка со мислење за соодветноста на кандидатот од аспект на исполнување на условите за член на орган на управување предвидени во законот.“

Членовите 4, 5, 6, 7, 8 и 9 стануваат членови 8,9, 10, 11, 12 и 13 соодветно.

Член 4

Во членот 9 кој станал член 13 во ставот (3) по зборот: “(нотар)” се става точка а зборовите: “и истите не смеат да бидат постари од шест месеци пред денот на поднесување на барањето за издавање согласност” се бришат.

По ставот (3) се додава нова став (4) кој гласи:

“Потврдите, изјавите и прашалниците кои се дел од документацијата која се доставува кон барањето за издавање согласности од член 1 од овој правилник не смеат да бидат постари од три (3) месеци пред денот на поднесување на барањето”.

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6 соодветно.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-385/1 | Совет на експерти |
| 22 април 2024 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |